# Производи без алергени

Уште како дете, бев алергична на многу препарати. И сега многу внимавам кога избирам козметички производи. Користам производи без алергени. Во тоа време немаше такви производи, но сега лесно се наоѓаат. Според мене, најдобрите хипоалергенски креми ги има козметиката **Clinique**. Имам мешана кожа. За дневна нега ја употребувам кремата **Moisture on Call** и кремот за очи **Daily Eye** бенефитс, кои освен што му даваат влага на лицето, содржат и заштитен фактор за сонце и се 100% ослободени од мириси. Во текот на летниот период е зголемено губењето на влажноста на кожата. Тогаш ја употребувам дневната 24-часовна хидрантна крема на **ESTEE LAUDER**. Навечер ја ставам хранливата крема на **Ives Roches, "Anti wrinkle rich creme"**, која содржи 10 билни масла и е наменета за целото лице, очите и вратот. Од почетокот на есента до почетот на пролетта како дополнителна нега ги употребувам и американските креми на **Dr. Murad** со 12% овошни киселини, кои воедно вршат и пилинг.

Кремите ги менувам бидејќи и кожата на лицето се менува со годините под влијание на хормоните, стресот, климатските услови итн.




## Светлана Костиќ-Петрушевска

е специјалистка за кожно-венерични болести, а воедно се занимава и со медицинска козметологија за проблематична кожа

